**ЗАПИСНИК**
**од 35-та седница на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 11.11.2015 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Селвер Ајдини, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев и Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**м-р Емилија Јаневска, со овластување бр.02-6478/1 од 11.11.2015 година, на 35-та седница го заменуваше д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата, поради негово службено отсуство.**

**На седницата, по гласање на точка 2 од дневниот ред, беше присутен и д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, м-р Ивана Стојановска, Илија Витков.

**Други присутни:** Зоран Маџировски од Радио Канал 77.

Г-дин Петрушевски ја отвори 35-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, информира дека точката под бр.2 – „Предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица“ ќе ја повлече од предлог-дневниот ред, бидејќи согласно Информацијата бр.05-6423/1 од 11.11.2015 година, на 10.11.2015 година наведениот радиодифузер извршил уплата во износ од 259.772,00 (двестепедесетидеветилјадииседумстотиниседумдесетидва) денари, со што ТРД Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица, годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го платил во целост.

Советот на Агенцијата, со измената, едногласно, со седум гласа „за“, го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 06.11.2015 година.
2. Предлог-заклучок за барање автентично толкување на членот 39 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
3. Предлог-одлука за потпишување на Анекс бр.3 и Анекс бр.4 кон Договорот за градење на административниот објект “Палата Панко Брашнаров“.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа предложениот Записник од 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 06.11.2015 година.

Г-дин Фиданоски, имаше технички забелешки во однос на текстот. На страна 3 од вкупниот материјал, во пасусот кој што претставува одговор од раководителката на одделението за поддршка на работата на Советот, Маја Дамевска, зборот „сумите" предложи да се замени со зборот „износите". На страна 7 од вкупниот материјал, пасусот што почнува со г-дин Фиданоски, зборот „Директор" треба да се запише со мала буква, и како што рече, со тоа не се намалува неговата функција и вредност доколку е со мала буква. На истата страна и истиот пасус треба да се коригира името на Сеад Кочан, односно да завршува со „д" а не со „т". Понатаму на страна 10 во пасусот што почнува со г-дин Фиданоски, „Дневен ред" треба да биде со мало „д" и зборот „покасно" да се замени со „подоцна".

Г-дин Петрушевски се изјасни дека за него лингвистичките забелешки се прифатливи.

Советот на Агенцијата со забелешките дадени од г-дин Фиданоски, со шест гласа „за" и еден воздржан глас од г-ѓа Машовиќ, го усвои Записникот од 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 06.11.2015 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева, го образложи Предлог-заклучокот за барање автентично толкување на членот 39 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека на седницата одржана на 30.07.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе Одлука за поведување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација по службена должност од страна на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип. Постапката беше поведена поради тоа што беше констатирано дека основачот на ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип – правното лице Друштво за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип, во 2014 година остварувало приходи од вршење на дејноста 73.12 – Огласување преку медиуми. Единствен основач на ова правно лице е физичкото лице Виктор Гаврилов. Во Националната класификација на дејности, дејностите реклама и пропаганда се класифицирани во одделот 73 – „Маркетинг (реклама и пропаганда) и истражување на пазарот". Согласно членот 43 став 2 од Законот, Агенцијата побара од ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип во рок од 45 дена од денот на приемот на Одлуката за поведување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација по службена должност, да ги достави во Агенцијата сите податоци од значење за одлучувањето. На 16.09.2015 година радиодифузерот во Агенцијата достави Одговор кон којшто, покрај другите документи, е доставено и „Стручно мислење по повод постапката за утврдување на недозволена медиумска концентрација" изработено од Центарот за развој на медиуми на барање на ТРД Канал 77. Во овој документ Центарот за развој на медиуми дава толкување на цитираните одредби од Законот, со кое тврди дека "...не постои недозволена медиумска концентрација по ниту еден од можните основи согласно ЗААВМУ, а најмалку по основ на членот 39 став 1 алинеја 5 и

дека Агенцијата треба да донесе одлука со којашто ќе ја запре постапката за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација“. Единствен орган кој дава автентично толкување на законите е Собранието на Република Македонија. Затоа Агенцијата треба да побара автентично толкување на членот 39 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во смисла на тоа:

- дали физичките или правните лица кои се основачи односно содружници на правните лица кои се основачи односно содружници на радиодифузерите, се смета дека се основачи односно содружници на радиодифузерите, и

- дали правните лица кои вршат некоја од дејностите наведени во членот 39 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги може да се јавуваат како сопственици на удели кај радиодифузерите.

На крајот г-ѓа Довлева појасни дека во Деловникот на Собранието на Република Македонија, точно е наведено кои се тие органи и институции кои можат да побараат автентично толкување на член од Закон, но АААВМУ не е една од нив. Во таа насока рече дека постои можност да се достави барање до Владата на Република Македонија, потоа тие да го достават до Собранието на Република Македонија.

Г- дин Фиданоски, на почетокот даде правописна забелешка која е на страна 18 од вкупниот материја и истата се провлекува низ текстот од предлогот. Имено, предложи зборот „оснивачи“ да се коригира во „основачи“.

Раководителката на Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, м-р Драгица Љубевска, објасни дека зборот „оснивачи“ е превземен односно цитиран од ЗААВМУ.

Г- дин Фиданоски, рече дека и таму е направена грешка, односно тој што го составувал Законот не видел добро, очигледно Законот не поминал лекторски, бидејќи така не е правилно. Објасни дека е добро што г-ѓа Довлева кажала дека АААВМУ нема право да биде овластен барател за автентично толкување на Закон од Собранието на Република Македонија, поточно од Законодавно-правната комисија. Објасни дека процедурата оди до претседателот на Собранието на Република Македонија а потоа тој го препраќа до Законодавно-правната комисија, која потоа таа дава автентично толкување на Закон. Барање за автентично толкување на Закон може да поднесе секој пратеник, Владата на Република Македонија, Уставниот суд, Врховниот суд, Јавниот обвинител, Народниот правобранител, градоначалниците на општините и град Скопје и советите на општините на градот Скопје, согласно член 175 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија. Агенцијата не може да бара автентично толкување. Забележа дека вака како што е предложена точката, како што тој ја чита е дека Агенцијата ќе побара автентично толкување на Закон и правно не е одржлива и мора да се повлече. Моментот дека ќе се бара преку Влада на Република Македонија, треба да се формулира дека ќе бараме преку Влада, па потоа да се дискутира дали барањето преку Влада на Република Македонија или преку пратеници, кои пратеници, значи и целосна независност на АААВМУ како регулаторно тело. Се изјасни дека токму тоа го интересира и сака да чуе како тоа ќе се надмине.

Г-дин Трајчев, рече дека генерално го разгледал мислењето од Центарот за развој на медиуми. Според него тие даваат одредено видување што во најголем дел го поддржува, во дел не, но сепак тоа е правно толкување и може да се заклучи дека ЗААВМУ конкретно членот 39, нејасно определува некои работи. Рече дека наша цел е да не се направи штета на некој, со одлука која Советот би ја донел. Од друга страна, рече, Советот и Агенцијата се задолжени да го применуваат Законот на начин на кој што

е определен, каде законодавецот сакал да ја изрази својата волја преточена преку правен акт. Со самото тоа што е нејасен, најдобар начин е да се разјасни. Како што кажал г-дин Фиданоски, Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија точно предвидува кој може да поднесе барање за автентично толкување. Но од правен аспект, АААВМУ може да даде иницијатива и е должна да даде, затоа што во случај кога има нејасно толкување и не докрај прецизно определени законски норми, а со цел да може Агенцијата да ја врши работа како регулаторно независно тело, да не се направи штета на некој, толкувајќи на начин кој е погрешен или да не го спроведеме Законот заради тоа што погрешно го толкуваме. Најдобро е тој што го донел Законот да го објасни во делот кој што е спорен. Точно, рече, ние не сме овластени да бараме автентично толкување на Закони согласно член 175 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, кој точно определува кој се овластени, но ние можеме да покренеме иницијатива и врз база на таа иницијатива овластените предлагачи понатака да поднесат официјално барање, затоа што факт е дека овој член е нејасен до крај и недоволно јасно ги определува целите на Законот и тоа што законодавецот сакал да го нормира.

Г-дин Петрушевски, рече, во интерес на радиодифузерот и во интерес на Агенцијата мисли дека не треба да се брза со одлука дали има недозволена медиумска концентрација или нема.

Г-дин Трајчев, рече дека е добра идејата да се расчистат работите односно да се толкува Законот на начин кој што законодавецот сакал да го донесе. Но, рече, ние ако доставиме иницијатива до Законодавно-правната комисија, во тој случај не доставуваме иницијатива до овластен предлагач, затоа што тие се определени со Законот, односно член 175 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија. Предложи да се одбере некој орган од тие кои се наведени, односно до секој пратеник, Владата на Република Македонија, Уставниот суд, Врховниот суд, Јавниот обвинител, Народниот правобранител, градоначалниците на општините и град Скопје и советите на општините на градот Скопје или пак иницијативата да се достави до сите кои се определени како предлагачи. Но ако се достави иницијативата до Законодавно-правната комисија, тогаш нема да биде од овластен предлагач и се плаши таа да не биде отфрлена и да кажат дека тие не се овластени како Законодавна-правна комисија да разгледуваат иницијатива туку можат само конкретно барање од овластен предлагач, согласно член 175.

Г-дин Петрушевски појасни дека на веб страната се објавени членовите на Законодавно-правната комисија и така да има можност да се достави до сите членови поединечно, а тие во наше име да поднесат предлог за автентично толкување.

Г-дин Фетаи рече дека е добро што се доаѓа до една позиција која што г-дин Трајчев ја образложил како треба да се постапи. Тоа е многу позитивно, се со цел да не се оштети радиодифузерот. Другата цел, рече, е поважна за нас, бидејќи тие се тука да го имплементираат Законот, идејата на законодавецот и сл. Не сака Агенцијата да оди надвор од мисијата на регулаторно тело. Смета дека не треба да се прави фама, иницијативата да не се доставува до сите овластени предлагачи како пратеници, Владата на Република Македонија, Уставниот суд, Врховниот суд, Јавниот обвинител, Народниот правобранител, градоначалниците на општините и град Скопје и советите на општините на градот Скопје. Според него поелегантна е идејата како што беше предложено во дискусијата, да се прати иницијатива до сите членови на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија и смета дека така побрзо ќе се заврши процесот. Ја отфрла идејата иницијативата да се достави до Влада на

Република Македонија, за да не биде доведено во контекст на политичко влијание или не, но ако треба да се одлучи тоа може да биде до општините, на пример градоначалникот на град Скопје, но сепак најмногу го поддржува предлогот да се достави до членовите на Законодавно-правната комисија.

Г-дин Трајчев рече, ако иницијативата не се доставува до телото Законодавна-правна комисија, туку поединечно до сите нејзини членови, тогаш тие имаат право во својство на пратеници, воедно и членови на Законодавна-правна комисија, да поднесат барање за автентично толкување.

Г-дин Фетаи во дискусијата се осврна на текстот, содржината на иницијативата што ќе се достави до членовите на Законодавна-правна комисија. Предложи да се внесе дека во мисија на Агенцијата Ви испраќаме иницијатива, бидејќи сме во дилема во поглед на толкување на член 39 од ЗААВМУ, заедно со материјалите што ги имаме и да ни доставите упатство како да постапиме.

Г-дин Фиданоски, рече, ако добро разбрал е дека точката ќе гласи: предлог - заклучок да се покрене иницијатива до сите членови на Законодавно-правна комисија за автентично толкување на член 39 од ЗААВМУ. Потоа го постави прашањето зошто се доставува барање за автентично толкување на член 39 од ЗААВМУ, која е целта, дали не се прифаќа образложението на радиодифузерот или пак како Агенција, не сме сигурни во нашата првична формулација за тоа дека има констатирано недозволена медиумска концентрација или има можност да се отвори постапка за недозволена медиумска концентрација?

Г-дин Петрушевски рече дека негов став по прашањето е да се заштити радиодифузерот, да се направат максимални напори и Советот да биде максимално сигурен во одлуката која ќе ја донесе. Потенцира дека ова е внимателен пристап со кој ќе се даде повеќе време и на радиодифузерот, на Советот на Агенцијата и на Стручната служба, за да се разгледа овој така наречен проблем и да се донесе не избрзана одлука.

Г-дин Фиданоски рече дека во име на тоа и го поставил прашањето, негова намера е да му се даде максимална шанса и на радиодифузерот да си ја најде позицијата, се да се постапи како треба, објективно и реално.

Г-дин Фетаи рече дека барањето за автентично толкување на член 39 од Законот, го разбира како потврдување на идејата на Агенцијата во поглед на утврдување дали има недозволена медиумска концентрација или не, таа била идејата во почетокот и треба да се заокружи. Според него не се доволни аргументите што ги има поднесено радиодифузерот и ЦРМ, бидејќи тоа не се совпаѓа со нашето сомнение дека има недозволена медиумска концентрација. Смета дека Собранието на Република Македонија може да го разреши. Предложи иницијативата до членовите на Законодавно-правна комисија, да се преформулира во молба или барање до нив за да тие да покренат иницијатива за автентично толкување на член 39 од ЗААВМУ.

Г-дин Трајчев, објасни дека кога се работи за автентично толкување на Законот по Деловникот за работа на Собранието, согласно член 175, тоа е утврдено како форма – барање. А ние даваме иницијатива до овластени предлагачи, тие да поднесат барање.

Г-дин Петрушевски објасни дека во однос на точката, има еден почетен став на Стручната служба на Агенцијата и друг став од ЦРМ. Изрази почит на тие ставови и појасни дека заради тоа тие не се отфрлени на почеток. Информира дека Центарот за развој на медиуми е институција која соработува со АААВМУ со години.

Г-дин Фиданоски рече дека сака да каже нешто во врска со материјалот кој е даден во прилог на точката. Имаше неколку дилеми околу начинот на тоа како е формулирано мислењето на Стручната служба за ова прашање. Во материјалот се вели: „Правната логика на овие одредби е во духот на заштитата на плурализмот во медиумите и тие во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги..„ Праша за каква правна логика се зборува?

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева, одговори дека целата глава IV „Заштита на плурализмот и разновидноста на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги“ од ЗААВМУ, посебно член 39, е да се спречи прекумерна вертикална интеграција, а се во насока на имплементација на Препораката за медиумскиот плурализам и разновидноста на медиумската содржина, којашто во 2007 година ја усвои Комитетот на министри на Советот на Европа. Со оваа Препорака, во врска со регулирањето на сопственоста на медиумите, покрај другото, на земјите-членки им се препорачува во домашната регулатива да вградат мерки со кои ќе се ограничи можноста едно лице, компанија или група да има преголемо влијание во еден или повеќе медиумски сектори. Овие мерки треба да овозможат спречување на прекумерна „вертикална интеграција, односно контрола од страна на едно лице, компанија или група на некои од клучните елементи на продукција, дистрибуција и други активности како рекламирањето или телекомуникациите. Тоа е целта зошто овие одредби се вградени во ЗААВМУ. Значи преку различни сопственици на медиуми различни мислења. А во член 39, се наведени сите дејности кои се неспоиви со радиодифузната дејност, како реклама и пропаганда, дистрибуција, продукција на аудиовизуелни дела. Прашањето е колку јасно бил тој член напишан, така да и ЦРМ во својот допис кажуваат дека ниеден закон не може целосно, сите можни ситуации во праксата како што ќе се појават да ги опфати.

Г-дин Фиданоски рече дека тоа и му била поентата обраќајќи се на раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева. Во првиот момент, рече, кога се отворала постапката влегла во правно толкување на ситуацијата. Рекла дека ЦРМ прави правно толкување, а тоа е стручно мислење номинално ставено, а таа, се мисли на г-ѓа Довлева, минатиот пат влегла во правно толкување. Кога ја прашал што значи ставката 73. 12, што опфаќа во регистарот на дејности и кога стои дека огласување преку медиуми опфаќа огласување преку медиуми т.е. продажба на времето и просторот за различни медиуми за медиумско огласување а не опфаќа, го потенцира, продажба на време или простор за огласување директно, од страна на сопственикот, издавачот, итн. односи со јавност и дејности од соопштување. Кога ја прашал, како го подразбира тоа, дали двете се санкционираат, таа одговорила, рече дека ќе ја парафразира, дека и во двата случаи значат санкционирање. Г-дин Фиданоски рече дека не може да разбере дека и во двата случаи значи санкционирање. Овде има афирмација и негација. Во Законот афирмација може да значи или потврда или забрана, и побара правниците кои се присутни да го коригираа доколку не е така, а негацијата исто може да биде и потврда или забрана, но обратно секогаш од афирмацијата. Во овој случај имаме афирмација и негација и не може да важи истото и за двете, ако влегуваме во толкување на работите. Рече дека врз база на овој материјал, Стручната служба побарала, предлагач бил директорот д-р Зоран Трајчевски, да се отвори постапка. Сите вклучително и тој, г-дин Фиданоски ја поддржал. Неговите лични намери се да се расчистат дилемите. Негово мислење е дека анализата на ЦРМ е издржана, дава сосема добро правно објаснување за тоа дека не постои недозволена медиумска концентрација, вклучувајќи го и делот, сега ќе биде уште попрецизен, страна 34 од вкупниот материјал, на што се повикуваме, мисли дека има и

официјални ставови како Агенција, а се однесуваат точно на членот 36 од Законот во кој вели дека законодавецот предвидел можност поврзаните лица кои со маркетинг или друг договор, во тримесечен или подолг период во една година остваруваат повеќе од 30% од приходи од рекламирање, телешопинг и спонзорство да бидат предмет на оцена. Колку што знае приходите на наведеното радиодифузно друштво беа 25% од оваа дејност, што не е заведена како основна дејност. Од тие причини неговото лично мислење е дека анализата на ЦРМ, правното објаснување е издржано и дека не постои недозволена медиумска концентрација. Но, рече дека се согласува, за да нема дилеми, да се побара автентично толкување на член 39 од ЗААВМУ во Собранието на Република Македонија, како што беше предложено, ние да поднесеме иницијатива, а некој од овластените баратели да го побара. Се согласи дека законските решенија се многу конфузни и нудат толкување вака или онака, кој како сака.

Г-дин Петрушевски по дискусијата, предлогот кој гласеше: Советот на Агенцијата да донесе заклучок Агенцијата да поведе иницијатива до сите членови на Законодавно-правната комисија, на Собранието на Република Македонија, за автентично толкување на член 39 од ЗААВМУ, го стави на гласање. Г-дин Петрушевски констатира дека предлогот беше едногласно прифатен. Во таа насока рече дека заедно со иницијативата ќе бидат испратени и сите потребни информации, односно материјалот од точката на седница.

Директорот на Агенцијата, г-динот Трајчевски непосредно по гласањето по точката, пристигна во салата за седници и го изрази своето несогласување по изгласаниот заклучок.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев Чакар, ја образложи Предлог-одлука за потпишување на Анекс бр.3 и Анекс бр.4 кон Договорот за градење на административниот објект "Палата Панко Брашнаров".

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-6460/1 од 10.11.2015 година и со шест гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Фиданоски, донесе Одлука со која се дава одобрување на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за потпишување на:

- Анекс бр.3 со кој се уредуваат кусоците и вишоците на работи по добивање на завршна ситуација потврдена од надзорниот инжењер, кон Договорот за градење на административниот објект "Палата Панко Брашнаров", кој се гради за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката – Скопје и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, и Анекс бр.2 и

- Анекс бр.4 со кој се уредуваат кусоците и вишоците на непредвидените работи по добивање на завршна ситуација потврдена од надзорниот инжењер, кон Договорот за градење на административниот објект "Палата Панко Брашнаров", кој се гради за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката – Скопје и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Анекс бр.2 и Анекс бр.3, со текст како што беше предложена одлуката.

**Точка 4**

Разно

Немаше точки под Разно.

**Бр.02-6434/5**
**16.11.2015 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р.**